Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животна средина („Службен весник на Република Македонија"бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 124/10 и 51/11), **Општина Гевгелија**, на ден 13.05.2019 година, донесе

**Одлука за неспроведување на стратегиска оцена**

1. За планскиот документ Измена и дополнување на урбанистички план за село Прдејци, општина Гевгелија - блок 4, општина Гевгелија, кој се носи согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), Правилникот за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови (Сл. Весник на РМ бр.142/15) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18) не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животна средина.
2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиската оцена се објавува на веб страната на општина Гевгелија.
3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документ Измена и дополнување на урбанистички план за село Прдејци, општина Гевгелија - блок 4, општина Гевгелија, нема да има влијание врз животната средина од следниве причини: Урбанистички план за село Прдејци, општина Гевгелија, плански период 2013-2023 е донесен со Одлука на Совет бр.09-1864/1 од 02.07.2015 година. За таа цел е изработена Стратегиска оцена на животната средина за Урбанистички план за село Прдејци општина Гевгелија, и изготвена Одлука за спроведување на Стратегиска оцена на животната средина, со архивски број 09-235/1 од 19.02.2013 год. На истата Министерството за животна средина и просторно планирање дава позитивно мислење по обемот и содржината на планскиот документ со арх.бр.15-10068/2 од 11.11.2013 година. Согласно ова, Измена и дополнување на урбанистички план за село Прдејци,

општина Гевгелија - блок 4, општина Гевгелија како плански документ од понисок ранг ги содржи информациите од повисокиот плански документ.

4. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до општина Гевгелија и Министерство за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на објавувањето на веб страната.

Бр.11-322/10
13.05.2019
Гевгелија

Градоначалник
на општина Гевгелија
**м-р Сашо Поцков**